РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4411/4
04-08-2022

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 72-та седница одржана на ден 29.07.2022 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр. 08-4411/1 од 03.05.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 4411/1 од 03.05.2022 година.

Предметот со број 4411/1 од 03.05.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 4411/1 од 03.05.2022 година е оформен по сопствена иницијатива по доставено новинарско прашање.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето _______________ во законски предвидениот рок од 30 дена по избор на функцијата директор на ________________________, не поднел Анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Лицето ____________ е избрано за директор на __________________________ со Решение за избор донесено на ден 13.11.2019 година од Министерството за култура на Република Северна Македонија. Согласно член 41 од Законот за прекршоците, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk